# ЗАКОН ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на РМ“ бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 85/18, 140/18, 124/19, 132/17, 132/17,**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се утврдува висината на минималната плата, финансиската поддршка за раст на плати во повисок износ од минималната плата како и други прашања кои се однесуваат на минималната плата.

**Член 2**

Минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време.

***Ставовите 2, 3 и 4 се укинати со Одлука на Уставниот суд***

**Член 3**

(1) Право на минимална плата, според одредбите од овој закон, имаат сите работници, во висина утврдена согласно со овој закон.

(2) Висината на минималната плата на работникот кој работи со скратено работно време или остварува помалку работни часови од полното работно време, се пресметува сразмерно на бројот на остварените работни часови.

(3) Одредбите од овој закон не се однесуваат за самовработените лица.

## II. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНА ПЛАТА

**Член 4**

(1) Исплатената висина на минимална плата во бруто износ за месец март секоја година се усогласува со:
- една третина од порастот на просечно исплатената плата во Република Северна Македонија,
- една третина од порастот на индексот на трошоците на живот и
- една третина од реалниот пораст на бруто домашниот производ, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со платата за месец април во тековната година.

*“Изменетиот член 4 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија ќе отпочне да се применува со исплатата на платата за месец април 2020 година”*

## II-а. ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ИСПЛАТА НА МИНИМАЛНА ПЛАТА И КОНТРОЛА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ

**Член 4-а**

(1) На работодавачот кој ги исполнува условите од членот 4-в од овој закон, ќе му се обезбеди финансиска помош за исплата на минимална плата (во натамошниот текст: финансиска помош) од Буџетот на Република Македонија за периодот септември 2017 година -

февруари 2018 година и тоа:

- 2.000 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената месечна нето плата за овој период им бил до 10.000 денари,
- 1.500 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената нето плата за овој период им бил помеѓу 10.001 и 10.500 денари,
- 1.000 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената месечна нето плата за овој период им бил помеѓу 10.501 и 11.000 денари и
- 500 денари по вработен, за вработени кои биле во работен однос кај работодавачот во јануари, февруари и март 2017 година и просечниот износ на исплатената месечна нето плата за овој период им бил помеѓу 11.001 и 11.500 денари.

(2) За работодавачот од ставот (1) на овој член, се обезбедува финансиска помош за периодот март 2018 - август 2018 година, во висина од 50% од износите утврдени во ставот (1) на овој член.

(3) Просечниот износ на исплатената месечна нето плата од ставот (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член, се пресметува за исплатените плати од страна на работодавачот, заклучно со 31 август 2017 година.

**Член 4-б**

(1) Просечниот износ на исплатената месечна нето плата за работник кој работи помалку од полното работно време, се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.

(2) Во просечниот износ на исплатената месечна нето плата за работник, не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.

**Член 4-в**

(1) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон се обезбедува на работодавачот, доколку ги исполнува следниве услови:

- работодавачот да не е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување или персонален данок на доход за вработеното лице од членот 4-а став (1) од овој закон,
- работодавачот да има статус на активен обврзник, односно да не е во постапка на стечај или ликвидација или постапка на бришење согласно со членовите 477, 477-а, 552-а и 552-б од Законот за трговските друштва,
- работодавачот во 2016 година да остварил загуба или нето добивка по оданочување во износ помала од 10% од вкупните расходи,
- работодавачот да ги има подмирено обврските по основ на плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци, заклучно со последниот ден од месецот за кој се обезбедува финансиската помош.

(2) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон се остварува по исплатата на платата за месецот за кој се обезбедува финансиската помош.

**Член 4-г**

(1) Работодавачот во Месечната пресметка за интегрирана наплата што ја поднесува до Управата за јавни приходи, согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ги означува вработените лица од членот 4- а став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 и став (2) од овој закон, за кои бара обезбедување на финансиска помош.

(2) Заради вршење на исплата на финансиската помош, Управата за јавни приходи обработените податоци од ставот (1) на овој член ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена по истекот на месецот за кој се бара исплата на финансиска помош.

(3) Финансиската помош од членот 4-а од овој закон, се исплатува преку Министерството за труд

и социјална политика.

**Член 4-д**

(1) Начинот на обезбедување на финансиската помош од членот 4-а од овој закон го пропишува министерот за труд и социјална политика, во согласност со министерот за финансии.

**Член 4-ѓ**

(1) Работодавачот кој ќе добие финансиска помош, согласно со одредбите од овој закон, е должен да го задржи на работа работникот за кој добива финансиска помош најмалку една година по завршување на периодот на добивање на финансиската помош.

(2) Работодавачот кој нема да го исполни условот од ставот (1) на овој член, е должен да ги врати средствата во износ на добиената финансиска помош согласно со овој закон, во рок од 30 дена од денот на одјавувањето на работникот за кој добивал финансиска помош, освен во случај на остварување на право на пензија, престанок на работниот однос по вина или волја на работникот и смрт на работникот.

**Член 4-е**

Управата за јавни приходи врши контрола во остварувањето и користењето на финансиската помош од членот 4-а од овој закон.

## III. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РАСТ НА ПЛАТИ ВО ПОВИСОК ИЗНОС ОД МИНИМАЛНАТА ПЛАТА

**Член 5**

Целта на финансиската поддршка за раст на плати во повисок износ од минималната плата (во натамошниот текст: финансиската поддршка), е поттикнување на работодавачите за исплата на плата на работниците во повисок износ од минималната плата утврдена со овој закон, за подобрување на економскиот стандард и поттикнување на економскиот раст и развој во Република Македонија.

**Член 5-а**

Финансиската поддршка се обезбедува за работодавач кој е правно лице или самостоен вршител на дејност, кој во претходната година имал трошоци за вработените (плати, надоместоци, даноци за платите и надоместоците

и придонеси од задолжително социјално осигурување) во износ повисок од 50% од вкупните расход и, според податоците од завршната сметка доставена во Централниот регистар на Република Македонија, освен работодавач од јавен сектор и работодавач кој врши дејност од јавен интерес.

**Член 5-б**

(1) Финансиската поддршка се обезбедува доколку работодавачот од членот 5-а од овој закон ги исполнува следниве услови:

- работодавачот во месеците октомври, ноември и декември 2017 година на работникот да му исплатил просечна бруто плата до 26.250 денари,
- работодавачот да не е ослободен од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход за работникот,
- работодавачот да има статус на активен обврзник, односно не е во постапка на стечај или ликвидација или постапка на бришење согласно со членовите 477, 477-а, 552-а и 552-б од Законот за трговските друштва и
- работодавачот да ги има подмирено обврските по основ на плата, придонеси од задолжително социјално осигурување и даноци, заклучно со последниот ден од месецот за кој се обезбедува финансиската поддршка.

(2) Финансиската поддршка се остварува по исплатата на платата за месецот за кој се обезбедува финансиската поддршка.

**Член 5-в**

(1) Работодавачот во Месечната пресметка за интегрирана наплата што ја поднесува до Управата за јавни приходи, согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ги означува работниците од членот 5-г од овој закон, за кои бара обезбедување на финансиската поддршка.

(2) Заради вршење на исплата на финансиската поддршка Управата за јавни приходи обработените податоци од ставот (1) на овој член ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, во рок од 30 дена по истекот на месецот за кој се бара исплата на финансиската поддршка.

(3) Финансиската поддршка се исплатува преку Министерството за труд и социјална политика.

(4) Начинот на обезбедување на финансиската поддршка го пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за финансии.

**Член 5-г**

(1) Средствата за исплата на финансиската поддршка се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Финансиската поддршка ќе се исплаќа за периодот јули 2018 година-декември 2019 година.

(2) Финансиската поддршка по работник изнесува 30% од разликата помеѓу бруто платата на работникот во тековниот месец и просечната бруто плата на работникот исплатена во месеците октомври, ноември и декември 2017 година, а најмногу до 1.200 денари по работник месечно.

(3) За бруто плата од ставот (2) на овој член, се смета пресметаната бруто основица од Месечната пресметка за интегрирана наплата.

(4) Висината на платата на работникот од ставот (2) на овој член кој работи со скратено работно време или остварува помалку или повеќе работни часови од полното работно време, се пресметува сразмерно на бројот на остварените работни часови.

**Член 5-д**

(1) Работодавачот кој ќе добие финансиска поддршка, е должен:

- да го задржи на работа работникот за кој добива финансиска поддршка најмалку една година по завршување на периодот на добивање на финансиската поддршка,
- да не ја намали нето платата на работникот најмалку една година по истекот на финансиската поддршка, во однос на просечната исплатена нето плата во месеците за кои добивал финансиска поддршка и
- да не го намали просечниот број на работниците на неопределено време во периодот во кој се користи финансиската поддршка во однос на просечниот број на работници во претходната година.

(2) Работодавачот кој нема да ги исполни условите од ставот (1) на овој член, е должен да ги врати средствата во износ на добиената финансиска поддршка согласно со овој закон, во рок од 30 дена од денот на одјавувањето на работникот за кој добивал финансиска поддршка, освен во случај на остварување на право на пензија, престанок на работниот однос по вина или волја на работникот или смрт на работникот.

**Член 5-ѓ**

(1) Управата за јавни приходи врши проверка на исполнетоста на условите од членовите 5-а и 5-б од овој закон.

(2) Министерството за труд и социјална политика врши проверка на исполнетоста на условите од членот 5-д став (1) алинеи 1 и 3 од овој закон, врз основа на податоци кои Агенцијата за вработување на Република Македонија ги доставува до Министерството за труд и социјална политика на месечно ниво.

(3) Министерството за труд и социјална политика врши проверка на исполнетоста на условите од членот 5-д став (1) алинеја 2 од овој закон, врз основа на податоци кои Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за труд и социјална политика на месечно ниво.

## III-а ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 5-е**

Надзорот над примената на овој закон го врши Државниот инспекторат за труд.

**Член 5-ж**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за труд утврди дека субјектот на инспекциски надзор постапил спротивно на одредбите од членот 7-а од овој закон, должен е за сторената неправилност и сторениот прекршок да состави записник согласно закон и со решение на субјектот на инспекциски надзор да му изрече опомена како инспекциска мерка и да определи рок во кој е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците.

(2) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение ќе му нареди на сторителот на прекршокот на вработените да им исплати минимална плата и придонеси од плата согласно закон и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на одговорното лице во правното лице или од него овластено лице согласно Законот за прекршоците. Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог, инспекторот на труд ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен орган.

(3) Решението од ставовите (1) и (2) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот согласно закон.

(4) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на законот или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот согласно закон.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот согласно закон.

(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во ставот (3) на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.

(7) Против решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно закон.

(8) Жалбата од ставот (7) на овој член, не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член.

***Членот 6 е избришан**,*

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

(1) Ако работодавачот го повтори прекршокот од член 7-а од овој закон, во рок од една година од денот на сторувањето на прекршокот, инспекторот на труд со решение ќе ја забрани работата на работодавачот во работните простории, работниот простор или на друг соодветен начин во траење од 15 дена, ќе нареди на работодавачот на вработените да им исплати минимална плата и придонеси од плата согласно закон и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка. За време на забраната за работа, работодавачот е должен на работниците да им исплати минимална плата и придонеси од минимална плата согласно закон. По истекот на забраната за работа, работодавачот не смее да го намали бројот на вработените во наредните три месеци.

(2) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од осум дена од денот на приемот на решението и може да се изјави до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно закон.

(3) Жалбата од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 7-а**

(1) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршокот на микро и мал работодавач- правно лице, глоба во износ од 500 до 600 евра за среден работодавач – правно лице, глоба во износ од 800 до 1000 евра во денарска противвредност за голем работодавач- правно лице, ако на вработените не им исплати минимална плата и придонеси од плата согласно овој закон.

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач- физичко лице.

(4) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член, на службеното лице.

**Член 7-б**

(1) Прекршочната постапка за прекршоците од членот 7-а ставовите (1), (2) и (3) од овој закон, ја води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија која ја формира министерот за труд и социјална политика.

(2) Прекршочната постапка за прекршоците од членот 7-а став (4) на овој закон, ја води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(3) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од став (1) на овој член, како и постапката по правен лек против одлуката на надлежниот суд од став (2) на овој член, се спроведува согласно Законот за прекршоци.

**Член 7-в**

(1) Овластените службени лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочен платни налози и за исходот на покренатите постапки. Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(2) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(3) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Постојните колективни договори ќе се усогласат со овој закон најдоцна во рок од шест месеци од денот во влегувањето во сила на овој закон.

(2) Одредбите од колективните договори кои нема да се усогласат со одредбите од овој закон во рокот од ставот (1) на овој член, престануваат да важат.

**Член 9**

Висината на минималната плата за 2012 година изнесува 8.050 денари во нето износ.

**Член 10**

Во одделите во кои во јули 2011 година е исплатена просечна плата под нивото од 15.600 денари во бруто износ, во наредните три години се прави усогласување со износот на минимална плата која се утврдува согласно со овој закон, со множење на истиот по следниве коефициенти:

- 0,778 за 2012 година,
- 0,852 за 2013 година.

**Член 11**

Подзаконските акти предвидени со членот 6 ставови (2) и (9) од овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со исплатата на платите за јануари 2012 година.